РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-289/4
29-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на ден 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-289/2 од 16.01.2023 година, **СЕ ЗАПИРА**.

Предметот со број 12-289/2 од 16.01.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На колегиум одржан на ден 09.01.2023 година, претходниот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата донел заклучок за оформување на предмет по сопствена иницијатива во Одделението за спречување на корупција, во врска со продадено државно земјиште кое потоа е експроприрано. Предметот е заведен под број 12-289/2 од 16.01.2023 година.

Во списите на предметот се содржани:

- Известување до Раководителот на Одделението за спречување на корупцијата за донесен заклучок, заведено под бр.12-289/1 од 16.01.2023 година;
- Службена белешка за отворање на предмет во Одделението за спречување на корупцијата бр. 12-289/2 од 16.01.2023 година и
- Службена белешка од колегиум на ДКСК за прераспределување на предметот 12-289/3 од 27.01.2023 година.

Во списите се наоѓаат и испечатени законски текстовни на: Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост, Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и Законот за ексропријација. Во

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

списите не се содржани поднесоци од кои може да се утврди дека се преземени активности за постапување по предметот.

Од увид во известувањето и службените белешки (погоре наведени), се констатира дека овој предмет е отворен без да се дадат било какви податоци за видот, локацијата и површината на земјиштето, ниту пак е наведена катастарска парцела, катастарска општина или имотен лист за истото.

Од наведените причини, во отсуство на податоци кои се неопходни за натамошно постапување по овој предмет, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен : м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Т.Д., претседател на ДКСК